**20210530795**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 307/20) и член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 март 2021 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2021 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.12/21 и 31/21) во делот II во ставот (1) во табелата мерката 124 „Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди“ се менува и гласи:

„

| Код на мерка | Дел | НАЗИВ НА МЕРКА | ИЗНОС (во денари) |
|---|---|---|---|
| 124 | VII | Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди | 90.000.000 |
| | | останати инвестиции наменети за водостопанска инфраструктура (124.2) | 40.000.000 |
| | | инвестиции за пасишта во државна сопственост (124.3) | 30.000.000 |
| | | пристап до земјоделско земјиште (124.4) | 5.000.000 |
| | | консолидација на земјоделско земјиште (124.5) | 15.000.000 |

“.

Во мерката 321 „Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини“ износот „250.000.000“ се заменува со износот „300.000.000“.

Во мерката 322 „Обнова и развој на селата“ износот „90.000.000“ се заменува со износот „64.000.000“.

Во ставот (2) во табелата во потточката 1.1 „Организирање и спроведување на манифестации и саеми за промоција на земјоделски производи во и вон Република Северна Македонија“ и потточката 1.2 „Учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители и преработувачи во и вон Република Северна Македонија“ износот „40.000.000“ се заменува со износот „35.000.000“.

Во потточката 1.3 „Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи“ зборовите „трошоци за изработка на маркетинг платформа за препознатливост на земјоделски производи и преработени земјоделски производи (1.3.2)“ се заменувааат со зборовите „трошоци за електронска платформа за домашна и интернационална промоција и продажба на земјоделски производи и преработени земјоделски производи (1.3.2)“.

Во потточката 1.8 „Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој" износот „80.500.000" се заменува со износот „85.500.000", а во потточката „трошоци за информирање на корисниците за мерките за финансиска поддршка во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој кои ги спроведува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (1.8.4)" износот „1.000.000" се заменува со износот „6.000.000".

II

Во делот III во ставот (2) износот „30.000.000" се заменува со износот „29.900.000".

III

Во делот VI по ставот (3) се додаваат два нови ставови (4) и (5) кои гласат:

„(4) Краен рок за поднесување на барања за исплата на поддршката од ставот (1) алинеи 4 и 6 од овој дел, за периодот од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година е 15 април 2021 година.

(5) За реализација на мерката од ставот (1) алинеи 4 и 6 на овој дел за периодот од ставот (4) од овој дел, Агенцијата објавува отворени јавни повици за прибирање на барања за исплата на финансиска поддршка до 15 март 2021 година."

Ставот (4) станува став (6).

Во ставот (5) кој станува став (7) зборовите „ставот (4)" се заменуваат со зборовите „ставот (6)".

Ставот (6) кој станува став (8) се менува и гласи:

„(8) За реализација на мерката од ставот (1) алинеи 1, 2, 3, 7, 8 и 9 од овој дел Агенцијата објавува отворени јавни повици за прибирање на барања за финансиска поддршка до 15 март 2021 година."

Ставовите (7) и (8) стануваат ставови (9) и (10).

IV

Делот IX се менува и гласи:

„(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 124 „Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 73 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратната финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- останати инвестиции наменети за водостопанска инфраструктура;
- системи за снабдување со вода, вклучително и водопоила на пасишта во државна сопственост;
- електрификација на пасиштата во државна сопственост (освен за громобрани на пасишта);
- инфраструктура за пристап до пасиштата во државна сопственост;
- изградба и/или реконструкција на придружни објекти на пасишта во државна сопственост;
- инфраструктура за пристап до земјоделското земјиште и
- консолидација на земјоделско земјиште.

(2) Корисник на средствата од ставот (1) алинеја 1 од овој дел е Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија и јавните водостопански претпријатија.

(3) Корисник на средствата од ставот (1) алинеи 2, 3, 4 и 5 од овој дел е Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје.

(4) Корисник на средствата од ставот (1) алинеја 6 од овој дел се единиците на локалната самоуправа.

(5) Средствата за инвестициите од ставот (1) алинеја 6 од овој дел ги спроведуваат корисниците од ставот (4) од овој дел по пат на јавна набавка.

(6) Корисник на средствата од ставот (1) алинеја 7 од овој дел е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: Министерството).

(7) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) од овој дел се доделува во висина на износот утврден согласно договорите за јавна набавка.

(8) Неповратната финансиска поддршка по барање на корисникот може да се додели согласно со фазите на реализација на инвестицијата.

(9) Корисниците на поддршката од ставот (1) на овој дел по потпишување на договорот за неповратна финансиска поддршка треба да доставаат копија од поднесеното барање со потпишан договор за јавна набавка до Министерството.“

V

Во делот XIV во ставот (3) износот „5.950.000“ се заменува со износот „6.000.000“.

VI

Во делот XVI во ставот (7) износот „250.000.000“ се заменува со износот „299.900.000“.

VII

Во делот XVII во ставот (7) износот „89.000.000“ се заменува со износот „63.900.000“

VIII

Во делот XXI ставот (2) се менува и гласи:

„Средствата од дел II став (2) потточка 1.1 „Организирање и спроведување на манифестации и саеми за промоција на земјоделски производи во Република Северна Македонија“ се наменети за локални манифестации/саеми и се спроведуваат по објавен јавен повик согласно член 3 од Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Уредбата), а за манифестациите и саемите за промоција на земјоделски производи во Република Северна Македонија средствата се наменети за:

- Balkans International Wine Competition – BIWC;
- Vranec World Day;
- Време е за зимница;
- Фестивал на Бојанското грозје (Rrushi i Bojanës);
- Органска трпеза;
- Преспански јаболкобер;
- Денови на кочанскиот ориз;
- Тиквешки гроздобер и
- VIII Симпозиум за зеленчук и компир на Југоисточна Европа.“

Во ставот (3) во алинејата 11 сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 12 точката се заменува со сврзникот „и“ и се додаваат четири нови алинеи 13, 14, 15 и 16 кои гласат:

„- Exponatura – Турција;
- Middle East Organic & Natural Products Expo - Обединети Арапски Емирати;
- организација на on line мастерклас дегустации за Вранец и
- Б2Б настани на таргетирани пазари во САД и ЕУ“.

IX

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-2903/1
2 март 2021 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Артан Груби,** с.р.